**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Третото продолжение на 92-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана 17 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**Деведесет и втора (92) седница 3 продолжение,**
**одржана на 17.06.1998 година**

**Дискутанти:**

1. АБДИ ФАИК 43;
2. АЈДЕРАГА ГАЗМЕНД 45;
3. БЕЏЕТИ АБДУЛМЕНАФ (мин. за финанси.) 2;
4. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН 13;
5. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 29, 35;
6. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА (зам. мин. за финан.) 18;
7. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 36, 43;
8. ТАИРИ МЕВЉАН 5;
9. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 19;
10. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА (зам. претсед. Собра.) 1;
11. ШАПУРИЌ ЗОРАН 25;

**Дневен ред:**

Т.6 (Пред. за дон. на Зак. за изм. и доп. на патниот превоз во пат. Собра) стр. 1
Т. 10 (Нацр. Зак. за додадена вредност) стр. 17
Т.15 (Пред. за дон. Зак. за доп. на Зак. за одбрана) стр. 49

**Седницата продолжува ....**
**(Останува за гласање на Уставните амандмани и парничната постапка)**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на 92-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана 17 јуни 1998 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,35 часот.

Со седницата раководеше г-дин Блаже Филиповски, потрпетседател на Собранието на Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 92-та седница на Собрнаието на Република Македонија.

Пратениците Ферид Мусовски и Љубомир Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството на пратеници и дека Собрнаието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Беџети, минситер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници, дозволете ми накратко да ги наведен причините поради што се налага потребата да се донесе измената и дополнувањето на Законот за патниот сообраќај.

Законот за превоз во патниот сообракај е донесен 1985 година и со него се регулираат односите во областа на превоз на патници, стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, согласно новонастантите оптшествено - еконосмки состојби во земјава.

Основна новина што беше предложена со овој Закон во однос на претходното законодавство во оваа област претставува воведување на издавање на одобрение за вршење на превоз во патниот сообраќај, т.е лиценца што на барање на превозникот ја издава органот на управата надлежен за сообраќај. Притоа со доредбите од Законот се пропишани условите под кои превозникот може да добие лиценца за одделни видови превоз.

Меѓутоа, во досегашното спроведување на одделни одредби од Законот, посебно во поглед на условите за добивање лиценца, начинот и постапката за добивање и регистрација на возните редови за редовните линии како во внатрешниот, така и во меѓународниот превоз на патници, се издиференцираа одредени состојби што наметнуваат определени интервенции во законските определби во смисла на нивното доуредување и допрецизирање, а би биле во интерес на сите учесници во оваа гранка од сообраќајот.

Имајќи го предвид напред изнесените причини, се налага потребата за соодветни измени и дополнувања на оддени одредби од Законот, а се со цел да се воспостави ред, дициплина и законитост во извршувањето на оваа мошне значајна дејност во државата.

Со предлогот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај пред се се предлагаат следниве дополнувања:

Прецизорање на одредени одредби што се употребуваат во овој Закон, т.е. попрецизно дефинирање на нивното заначење.

Условите за вршење на јавен превоз од страна на домашниот превозник во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Оваа измена е поради децидно дефинирање на мимимум потребните услови за учесник во домашниот и меѓународниот сообраќај, согласно новиот Закон за безбаедност на сообраќајот што беше донесен пред извесно време од ова Собрание.

Со измената се менува и обврсакта на превозникот за обезбедување банкарска гаранција во износ од 20.000 ДМ во противвредност за минимално предвидениот број на возила.

Понатаму, дефинирањето на видовити лиценци за сите видови превоз во внатрешниот и меѓународниот превоз, како и надлежните органи што им издаваат одредени водиви лиценци, т.е. лиценците за приградскиот превоз на патници и за авто - такси превозот на патниците е предвидено да ги издава надлежниот орган во општината, односно Градот Скопје, согласно Закнот за локална самоуправа. Додека другите видови лиценци ги издава надлежниот орган на Упавата, согласно Законто за државна управа.

Дефинирани се и причинтие на одземање лиценца, како и органот надлежен за тоа. Ова измена претставува дополнително усогласување со Законот за управна постапка, при што е дефинирано дека лиценцата се одзема со посебен акт, решение на што е допуштена и жалба, како и заради двостепеноста во решавањето е предвидено по жалбата да се изјасни надлежанта комисија при Владата на РМ.

Значајна измена претставува дефинирањето на линискиот и вонлинискиот превоз како во внатрешниот, така и во меѓуанрадониот патен собораќај, согласно регистрираниот и објавениот возен ред, утврдената мрежа на линии и утврдената и објавена цена на превозот.

Со ова дополнување се создаваат законски услови за воведување подобар ред и повисока ефикасност и безбедност во превозот на патниците. Ова е посебно потребно заради усогласување и почитување на спогодбите за соработка во сообраќајот со голем број држави, ратификувани од ова Собрание.

Исто така, со дополнувањата се задолжуваат превозниците да ги користат само автобуските станици за застанување, а не при вршење линиски превоз да се однесуваат како такси превозници со што се создава неред во сообраќајот и се загрозува безбедноста.

Надоместоците за користење на автобуските станици ќе зависат од висината на квалитетот на услугата, а се пропишуваат со подзаконски акти. Правното лице кое управува со автобуска станица и превозникот кој врши линиски превоз на патници склучуваат договор за користења на автобускста станица, додека не се договори функционерот кој раководи со надлежниот орган наредува користење на автобуската станица. Правното лице кое управува со автобуската станица, средствата од продадените билети да им ги префрла секој седми ден од изминатата седмица. Доколку ова не се почитува, инсттуциите за платен промет ќе ги префрлуваат средствата согласно договорот помеѓу давателот и корисникот на услуга.

Со Законот, исто така, се регулира превозот на патници на релации меѓу населени места на новонастанатите општини и општините до кои произлегле. Општините можат да склучат спогодба за заендичко организирање на овој вид превоз, спротивно истиот ќе го оргнаизира надлежниот орган на државата.

Исто така, со овие измени се допрецизира и одредбите што го регулираат слободниот превоз на патници.

Во дополнувањето на Законот се утврдува можноста надлежниот царински орган на граничниот премин го проверува домашниот и странски превозник дали има дозвола или други исправи предвидени со овој Закон и со меѓународни договори.

И на крајот со измените и дополнувањата се врши целосна усогласенот на прекршочните казни со Законот за прекршоци, како системски закон за санкционирање на прекршоците.

Очекував дека Собранието ќе го уважува измените и дополнувањата, при што ќе ни се овозможи ефикасен, рационален и безбеден:превоз во патниот соборaќај. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-дин Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, во комисиската расправа што се водеше по однос на предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон, Комисијата констатира дека предложените измени се оправдани и дека ќе придонесе за побезбедно одвивање на сообраќајот.

Министерот даде опширно образложение за потребата од донесување на овој Закон, додека во Комисијата исто така имавме повеќе контакти со разни асоцијации, заинтересирани со донесувањето на овој Закон. Пред се имавме контакти со здруженијата за авто - такси превоз што сметаат дека со одредени членови се засегнати и бараат одредени измени, што во директните контакти и расправиите помеѓу повереникот на Министерството и лицата заинтересирани за истото, се дојде до решенија прифатливи и за нив.

По однос на едно од нивните барања, сметам дека не би требало да биде прифатено и Комисијата застана на становиште дека таквото барање не е оправдано. Имено, се работи за доделување лиценца за превоз за сопствени потреби, опслужувајќи го истото со малверзациите што се прават од страна на превозниците што вршат превоз за сопствени потреби, а истото го наплаќаат и го вршат за други лица.

Сметавме дека, во секој случај, не е работа на Законот прекршувањето на овие одредби, туку ова е работа со која што треба да се занимава и самата инспекција и да ги гони сторителите.

Имаше одредена дилема по однос на такси превозот, дали да се доделува лиценца за возила со капацитет 4+1 и 8+1. Мислам дека може да се направи еден компромис со прифаќање на еден од амандманите, што ги има повеќе, со кои што лиценцата што се издаде ќе се издаде или за едниот вид на превоз, авто - такси превоз или за превоз на мрежа на линии. Мислам дека на овој начин ќе им се даде на оние кој вршат превоз со такси возила да се определат за идниот вид на возила. Но, тоа никако нема да може да значи дека ќе можат истовремено да вршат и линиски и авто - такси превоз.

Би сакал да забележам дека Министерството со овој Закон презема големи обврски во дефинирање во мрежата на линии што, во секој случај нема да биде лесна задача и јас можам само да им посакам успех во спроведувањето на истиот.

Вредно е да се напомене дека со овој Закон, се придонесува директно и конкретно кон децентрализација и деконцентрација на дел од овластувањата на Министерството за сообраќај и врски. На овој начин директно се зајакнува улогата на локалната самоуправа. Ваквиот концепт треба да се поддржи и да се следи и од другите министерства за да може локалната самоуправа да добие вистинска физиономија.

На крајот да кажам дека ќе го поддржиме Предлогот за измена на овој Закон, а истовремено предлагаме и неколку амандмани што сметаме дека се во функција на подобрување на истиот. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Кој друг бара збор, ве молам? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот ина Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа сендица да се претресе и Прдлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам да се утврди точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 52, Комисијата за сообраќај и врски поднесе амандман на член 27 за додавање нов став 2 по ставот 1, пратениците Слободан Даневски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Кире Видимче и Томислав Стојановски, поднесоа амандман на член 1 став 1 и 3, член 5 во новиот член 7-а за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман за менување на член 28, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Стојан Ковачевски поднесе амандман за менување на член 10 и за бришење на член 12, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали поднесоа амандман на член 1 став 1 точка 23, по која Владата не се произнела.

Пратеникот Илинка Митрева поднесе амандман за менување на член 4 и за додавање нов член 4-а, за бришење на член 6, член 10, во новиот член 12-в став 4, за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2 и за бришење на членовите 23 и 24, по кои Владата не се произнела.

Ве молам да внимаваме.

Пратеникот Нано Ружин поднесе амандман за менување на член 28, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандман на член 10, член 12-в за додавање нов став 6 по став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илинка Митрева во меѓувреме поднесе амандман за менување на член 28, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 1 точка 23 поднесен од пратениците Мевљан Таири и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 1 и 3 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Кире Видимче и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кон е за, молам да крене рака? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 7-а точка 1 за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Кире Видимче и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратеникот Илинка Митрева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.

**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 поднесен од пратеникот Стојан Ковачевски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-дин Беџети, министер за сообраќај и врски.
**АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ:**
Амандманот не се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор?
Има збор г-динот Ковачевски, предлагач на Амандманот.
**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**
Образложението што е дадено во предлогот на амандманите е во согласност со заклучокот и на Стопанската комора на Македонија, каде што јавните превозници во Македонија усогласиле ставови што на Министерството му се познати.
Затоа ми е чудно што амандманот не се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандамнот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (29 пратеници).
Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.
Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 126, став 4 за додавање нова алинеја 3, по алинеја 2 поднесен од пратеникот Илинка Митрева.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**
Амандманот се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 126 за додавање нов став 6 по ставот 5, поднесен од пратеникот Наум Симјановски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**
Амандманот не се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака. (3).
Констатирам дека амандманот не е прифатен.
Отворам претрес по амандманот за бришење член 12, поднесен од пратеникот Стојан Ковачевски.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**
Амандманот не се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор. (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака. (9).
Констатирам дека амандманот не е прифатен.
Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 23 и 24 поднесен од пратеникот Илинка Митрева.
Го молам претставникот на Владата да се произнесе.
**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**
Амандманот не се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор. (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака? (1).
Констатирам дека амандманот не е прифатен.
Отворам претрес по амандманот на член 27 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за сообраќај и врски и од пратениците Слободан Даневски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Кире Видимче и Томислав Стојановски.
Со овој амандман се согласил повереникот на Владата на седницата на Комисијата.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**
Амандманот се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Отворам претрес по амандманот за менување член 28 поднесен од пратениците Томислав Стојановски, Нано Ружин и Илинка Митрева.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**
Амандманот не се прифаќа.
**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор. (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака. (3).
Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 41 поднесен од пратениците Слободан Даневски, Владимир Станковски, Зоран Шапуриќ, Кире Видимче и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 52 од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АБДУЛМЕНАТ БЕЏЕТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (62).

Дали има некој против. (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Минуваме на точката 10 - Нацрт на закон за данокот на додадена вредност.

Нацртот на законот извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, бидејќи образложението по Нацрт законот за ват е доста опширно и бидејќи после расправата во Комисиите на Собранието во припрема на оваа седница во Министерството за финансии се вршат подготовки за третата фаза, јас конкретно да се задржам за некои решенија кои што се предложени во текстот на Нацртот на законот, само сакам да кажам дека даночните стапки во овој текст на законот останаа на исто ниво, како што беа предложени во Предлогот на донесување на закон, но се прават исцрпни анализи, околу тоа, да се утврди оптималното ниво на даночните стапки на општата и на повластената даночна стапка, се со цел да нема дополнително оптоварување на даночните обврзници, односно на претпријатијата од стопанството, но и за приходите. кои се прибираат по овој вид на данок да останат на постојното ниво.

Сметаме дека во наредната фаза кога ќе биде Предлогот закон за ват, кој планираме да го предложиме пред Собранието во месец јули, ќе бидат понудени оптималните даночни стапки.

Сакам да кажам дека еден од клучните проблеми врзани со ватот е недоволното разбирање околу начинот на неговото функционирање со оглед на сложеноста на материјата. Тоа создава одредено чувство на страв и отпор, несигурност кај дел од претпријатијата. Заради тоа, Министерството за финансии почна со програма за стимулации, а решенијата во Законот за ват во неколку претпријатија. Откако се извршија тие стимулации во неколку претпријатија, се отстранија дилемите, кои што ги имаат стопанствениците.

Поради тоа, во договор со Стопанската комора на Република Македонија и со Комисијата за стопанство при Собранието на Република Македонија, ние ја проширивме листата на претпријатијата во кои што ќе продолжи стимулацијата на Законот за ват.

Исто така, во Министерството за финансии веќе е формирана една оперативна група за имплементација на Законот, со претставници од Министерството за финансии, Царинската управа и Управата за јавни приходи, а сега до крајот на годината ќе биде спроведена една широка активност за популизација на решенијата за ватот, помеѓу даночните обврзници, но исто така и меѓу претпријатијата и граѓаните. Ќе бидат организирани бројни семинари, советувања, средби со стопанствениците, заради дообјаснување на глобалните решенија, но и решенијата по области и гранки, зависно од кој дел на производството се работи. Ова ќе биде перманентна активност што особено ќе се интензивираат по дефинитивното донесување на законот, кој ќе тече до крајот на годината, кога се планира да отпочне спроведувањето на законот.

На крајот да кажам дека сите забелешки кој што ќе бидат искажани на денешнава расправа, сите сугестии комисијата за ват, а следствено на тоа и преку Министерството за финансии, заедно со оперативната група за имплементација на ватот, најсериозно ќе бидат разгледани, ќе се настојува да бидат прифатени во последната фаза од донесување на овој закон.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Влада, дами и господа пратеници, данокот на додадена вредност или како што популарно се нарекува ват е категорија која за земјите членки на Европската Унија е задолжителен вид данок на промет. Неговото воведување по правило зазема централно место во спроведување на даночните реформи. Ват, всушност е данок на пазарната економија и еден од предусловите за успешно развивање на пазарните односи, бидејќи овозможува сеопфатност, неутралност и ефикасност.

Овој закон треба да почне со својата примена од јануари 1999 година. Стопанствениците воглавном имаат големи забелешки од една страна, а од друга страна се засегнати и граѓаните, бидејќи примената на овој данок неизбежно доведува до покачување на цените на одредени стоки и услуги.

Анализирајќи го законот секој од свој агол, најголеми забелешки, секако имаат текстилците, градежниците, реагираат и извозниците, угостителите и банкарите. Во овој контекст, нешто повеќе би сакала да се осврнам на состојбата, во која ќе се најдат текстилците, бранша на која и јас и припаѓам, знаејќи ги потешкотиите со кои тие се среќаваат изминативе 7-8 години.

Водејќи ги традиционалните пазари од една страна, а од друга страна притиснати од нелојалната конкуренција, која се наметна заради масовната сива економија во областа на текстилот, текстилците навистина во овој период преживуваат тешки години. Овој удар кој ќе им се нанесе со примената на ват системот на оданочување, не сум сигурна кој од нив ќе успее да го преживее, без големи губитоци.

Само за илустрација да кажам, општата стапка од 24% ќе предизвика зголемена цена на текстилните производи повеќе од 12%, што од друга страна ќе предизвика намалена продажба на

текстилните производи, влошување на резултатите од работењето и намалување на неликвидноста на претпријатијата.

Знаејќи го фактот дека текстилните фабрики се претежно извозно ориентирани, данокот на додадена вредност ќе создаде соодветни потешкотии, бидејќи во член 31 точка 2, задржана е обврска за плаќање на данок на додадена вредност, при извозот на стоките во рок од 90 дена, без разлика дали е наплатена извезената стока. Ваквото решение, особено негативно, ќе се одрази за извозот во земјите каде имаме потешкотии во платниот промет. Од своја страна, ова ќе го намали интересот за извоз во овие земји, особено знаејќи го фактот дека навистина алтернатива нема. За решавање на овој проблем по упатно е усогласување на овој член со Законот за надворешно трговско работење. Теоретски ват овозможува со својата примена, сите претпријатија да се доведат во еднаква економска положба, затоа што сите мораат да пресметуваат данок на промет на услуги и тоа во секоја фаза на прометот. Со тоа се зголемува даночната основа, што во основа доведува до зголемување на расходите кај граѓаните, кои се крајни потрошувачи. Многу е важно колкаво ќе биде тоа зголемување и структурата и распоредот на стоките и услугите во категориите ослободени од данок, односно пределигираната стапка од 5% и општата стапка од 24%.

Суштинска разлика во однос на правичната верзија на законот е новиот третман на основните средства. Плаќањето на данок на основните средства, сметам дека негативно ќе се одрази врз инвестиционата активност, затоа што ќе треба ангажирање на големи средства за плаќање на данокот, кој потоа треба да им се врати на стопанските субјекти. Ова можеби и не е прашање на данокот, туку прашање на платежната состојба на претпријатијата, но под какви услови денес нашето стопанство функционира, на сите нас ни е добро познато. Исто така има голем број на земји кои никогаш не го вратиле данокот на основни средства. Кај одредени стопански субјекти се развлекува периодот на враќање на данокот. Листата на ослободување на данок е намалена на 22 позиции, наместо 36, колку што егзистираа во првата верзија на овој закон. Особено е значајно исклучувањето на лебот, млекото, зејтинот, комуналните услуги и превозот на патници, кои имаат директен одраз врз стандардот на граѓаните.

Ова неминовно ќе доведе до зголемување на цените на основните егзистенцијални прехранбени производи, што од своја страна може да предизвика спирална инфлација. Треба да се има предвид влијанието врз општото ниво на цените и поттикнувањето на инфлацијата. Примерите на Холандија и Финска се привремена административна мерка, замрзнување на цените во рок од 6 месеци, може да биде добар пример како да се заштитат граѓаните и да не дојде до пад на нивниот стандард. Од друга страна, мора да се контролираат и платите со иста цел. Мора да се биде реален ако не се обезбедат контролни механизми, може да настане мал пекол за населението, заради поскапување на некои витални производи. Примерот со Хрватска секако ни е добро познат.

Друг елемент кој секако заслужува внимание за анализа е правото на даночен кредит. Предностите кои доаѓаат до израз, од примената на моделот за данокот на додадена вредност како чист модел, со воведувањето на многу исклучоци, доведува до кршење на речиси сите принципи на системот на данокот на додадена вредност.

Најглавна точка со која се врши искривување на системот на македонската верзија на данокот на додадена вредност е одбивањето на правото на даночен кредит, т.е. на поврат на даноците за низа набавки, за кој е сосема јасно дека фирмите ги користат за деловни, а не за приватни потреби. За такви работни трошоци, законот не овозможува плаќање на даноците што претставува јасно кршење на принципот дека ќе се оданочува само крајната потрошувачка.

Втора негативност на овој план, е секако, зголемената книговодствена евиденција. Висината на општата стапка е 24%. Реакциите на стопанствениците се однесуваат токму на оваа стапка која е висока. Релативно високата стапка, секако е заснована врз база на фискалната политика. Но мора да се има предвид конкуренцијата и опкружувањето. Јас сметам дека ќе треба да се оди на пониска општа стапка, која не смее во никој случај да биде поголема од 18%.

Искуствата од други земји покажуваат дека колку е повисока оваа стапка, толку има поголеми проблеми во јавноста. Од друга страна, колку помала даночна стапка, толку помала сива економија. Можеби вреди да се размисли во конечниот текст, да се даде можност, данокот да не се плаќа при увозот на стоките на самата граница. Сметам дека е посоодветно, особено за увозно ориентираните претпријатија, да се овозможи пролонгирање на обврските за плаќање на данокот до 15 овој месец, кога ќе се поднесе даночната пријава, истовремено со правото на даночен кредит. Вакви искуства се познати во Германија. Конечно државата еднаш ќе мора да се свести, за оданочување на приватниот сектор, како би можела да изврши релаксација на данокот.

И на крајот нешто околу почетокот на примена на овој закон, кој се планира од 1.1.1999 година. Веднаш се наметнува прашањето, дали се создадени предуслови за примена на законот од 1 јануари идната година. Потребна е добра одлука на даночната администрација за негова примена, но и информирање на јавноста од друга страна. И покрај притисокот на меѓународните институции, потребни се внимателни чекори, воведување на данокот на додадена вредност, како би можело да се постигне крајна цел на овој закон, а тоа е обезбедување на ефикасен дарежлив данок на додадена вредност.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, би сакал неколку збора да кажам односно мое видување околу воведувањето на новиот даночен систем. Сметам дека со оглед на тоа што се работи за нацрт - фаза, имаме уште една фаза, тоа е предлог закон дека, сепак има доволно простор и време да се исправат, по мене, некои недостатоци односно подобро да се согледаат состојбите пред да биде донесен овој закон. Јас би рекол дека воведувањето на новиот систем на оданочување и приклучување кон начинот на пресметувањето на данокот кој што е присутен во Европската унија е неопходност за РМ .

Но, исто така, и покрај тоа што се направени некои напори, јас би рекол дека, сепак постои една одредена доза на пасивност и по се изгледа до колку се продолжи вака, а воведувањето на новиот начин на пресметување на данок, ќе го дочекаме сосема неподготвени. Сметам дека е изгубено драгоцено време за да стопанските субјекти, како и граѓаните и даночните инспекции подобро подготвено да го дочекаат воведувањето на овој даночен систем.

Оттаму, се наметнува прашањето дали рокот за воведување на овој даночен систем 1.01.1998 година треба да се пролонгира или пак треба да се остане на тој рок, бидејќи имавме прилика во средствата за јавно информирање да слушнеме изјави од некои економски стручнаци и професори кои што учествуваат во подготвувањето на овој закон и кои што кажаа дека стриктно не мора токму на 1.01.1999 год, да се воведе овој систем и кои сметаат дека за неколку месеци

може овој рок и да се пролонгира, со што РМ, граѓаните, а пред се, стопанските субјекти, како и даночните инспекции би го дочекале воведувањето на ВАТ системот многу по подготвено.

Би рекол и тоа дека од самото образложение на законот не е доволно јасно какви состојби ќе бидат по усвојувањето на овој систем и покрај тоа што образложението е доста опширно, некои елементи не се опфатени. Имено, какви цели и ефекти се очекуваат од донесувањето на овој закон, а какви фискални цели, какви развојни или пак социјални цели, кои ќе бидат остварени со овој закон и кои од овие наведени цели имаат приоритети при донесувањето на законот, односно кои од овие цели се тие кои што ги преферира овој закон, а тоа за жал, не го слушнавме ни во воведното излагање од г-ѓата заменик министер.

Исто така во законот не е доволно јасно што е тоа што во рамките на развојната функција ќе биде стимулирано, бидејќи секој закон, секој даночен систем има и развојна функција и во рамките на таа развојна функција, на што ќе се обрати посебен акцент. Според мене, во законот е ставена преголема слобода на Министерството за финансии со подзаконски акти да го регулира системот, односно даночниот систем така што сите овие прашања треба да бидат што повеќе утврдени во самиот закон, а не да се остава голем простор со подзаконски акти да се регулираат суштественоста на даночниот систем, односно на новиот систем кој се воведува.

Мислам дека во наредната фаза законот треба да ги стесни сите можности, односно да ги сведе на минимум сите можности за донесување на подзаконски акти и тие да бидат исклучок, а не правило и самиот систем да биде моделиран со закон, а не врз база на подзаконските акти. Сметам дека со оглед на есенцијалноста на ова прашање мора да се отвори многу поширока расправа, покрај тоа што е таа отпочната, меѓутоа таа работа мора да добие многу пошироки размери стручни, но не само и стручни, а исто така треба да се воведе поголема едукација на даночните обврзници. Треба добро да се размисли околу висината на даночните стапки, бидејќи воведувањето на овој систем со високи даночни стапки од 5 до 24%, може да доведе до вистински шок и колапс на стопанството, но и да биде голем удар на и онака нискиот стандард на населението. Ние имавме, исто така прилика, да прочитаме изјава од некои економски стручњаци дека ако останат овие стапки, некои витални прехранбени производи, кои поради внесот на оние материјали така наречен импут на материјалите во тие продукти, ќе им биде зголемена цената од 5 до 20%, што навистина може да биде мошне шокантно за населението. Од таму сметам дека треба сериозно да се преиспитаат висината на даночните стапки, се со цел да не дојде до социјални незадоволства како што имавме случаи во некои други земји. Исто така, сметам дека ова може да доведе, поради таканаречените импути и пораст на цена во станбената изградба, а постојано, барем декларативно, сите се залагаме за што поевтина изградба на становите, особено со цел да дојдат младите до некои можности, до добивање на покривот на главата, но во секој случај со овој закон, мислам дека ќе се зголеми цената на станбената изградба, поради импутите.

Сето ова може да предизвика, доколку добро не се осмисли, и вистинска инфлација и пад на производство, поради високата даночна стапка на репроматеријалите кои се вградуваат во финалните производи. Од таму, мислам дека се сосема логични забелешките на малкуте стопански субјекти кои што сеуште работат и кои, особено на производите стопански субјекти кои бараат даночна стапка да се намали од 24%, помеѓу 15 и 17%. Исто така, и за ова имавме изјави од одредени стручњаци, кои што сметаат дека оваа стапка, доколку се изврши правилна организација во службите кои се задолжени да го наплаќаат данокот ќе може да го задоволи буџетот. Впрочем, имаме доста искуства дека пониската даночна стапка значи и поголема дисциплина во плаќањето на данокот. Јас само би потсетил на еден пример дека пред неколку години данокот на прометот на недвижностите кој беше дотогаш 20% се намали на 3% и покрај толку драстично намалување на овој данок, на висината на данокот, вкупно прибраните средства по основ на овој данок на промет на недвижности беа исти во сите години изминати или пак поголеми. Што значи дека тоа е веќе наше искуство и ние имаме искуства со пониска даночна стапка со еден вид данок, а се разбира, да не зборувам за светските искуства, бидејќи помалата даночна стапка, во секој случај, би ја намалила можноста за избегнување на плаќање на данокот, односно за злоупотребите на оваа сфера и така од една страна би имале развојна функција, бидејќи данокот би бил помал и би дошло до развој на стопанството, пред се на производните субјекти. Од друга страна, пак населението не би било под голем удар на зголемувањето на цената на производите, а исто така и буџетот не би трпел доколку се обезбеди финансиска дисциплина. Потенцирам дека е тоа мислење и на бројнтиер економски стручњаци кои учествуваа во подготовките околу овој закон.

Исто така сметам дека треба добро да се проучат искуствата на други земји кои имаат економски и социјални проблеми со наглото воведување, неподготвеното воведување на овој даночен систем. Неодамна имавме случај во Хрватска и минатата година во Бугарија. Од таму, сметам дека, со оглед на тоа дека сеуште има време до наредната фаза, односно до фазата на предлог закон кога конечно ќе биде усвоен закон за да се преиспита, прво, дали можеме до 1.01. наредната година да го дочекаме подготвено воведувањето на овој систем и особено, е важно да се. направат за наредна фаза, како и пратениците да бидат известени, за можностите на намалување на стапките и какви ефекти би биле со една стапка, какви со повисока, односно со пониска и за можностите за зголемување на финансовата дисциплина, особено во поглед на прибирањето на данокот со цел буџетот на трпи, да не трпи стопанството, а исто така и граѓаните поради можниот шок од зголемување на цени и можната инфлација.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин Николовски има збор.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, дами и господа, јас во оваа прилика би сакал да дадам известен свој придонес од аспект, пред се на стопански претпријатија односно на стопанството во РМ, односно би се произнел по неколку прашања кои се однесуваат во делот на концептуалниот пристап на изготвување на нацрт законот, концептуалноста, унапредените решенија и на крајот, нормално, би направил обид да дадам и неколку заклучни согледувања.

Имено, кога се поставува прашањето во делот на концепцискиот пристап во врска со нацртот на законот сакам да нагласам следното.

Во оваа втора фаза на законот, односно нацрт Законот на додадена вредност со концепцискиот пристап за изработка се сретнуваме со следните карактеристики и тоа:

1. Во нацрт законот се извршени значајни измени во однос на предлог Законот за данок на додатна вредност.

2. Предлагачот на законот користел и консултирал повеќе институции, односно комарскиот систем, стопански субјекти, непрофитни институции и слично.

3. Применет е метод на симулација кај одредени субјекти, односно вршени се практични проверки на содржаните решенија во добар дел на стопански субјекти, односно стопански дејности.

4. За воведување на оданочување на промет преку системот на данок на додатна вредност, користени се и искуства од развиени земји со пазарна конкуренција.

Преку вака поставениот пристап се овозможува, а треба и а се очекува, дека ќе се дојде до подобри решенија. Од еден аспект тие решенија гледано треба да овозможат во најголема мерка применливост на законот, а од друг аспект треба да овозможат и прифатливост на законот од страна на стопанството.

Големината на одмерените даночни стапки, што посебно сакам да го потенцирам, како оптоварување на стопанството во едни реални рамки, односно одмерените даночни стапки кои ќе се применуваат треба да останат и да остварат исти приходи, а при тоа да нема додатно оптоварување на стопанството и потрошувачите.

Второто прашање, тоа е во делот на концептуалноста на нацрт законот. Поставениот концепт на нацрт Законот за данок на додатна вредност ги обезбедува или поконкретно речено има амбиција да ги задоволи следните потреби и тоа:

Прво, тоа е данокот на додатната вредност, кој би го заменил сегашниот данок на промет на производи и услуги претставува таканаречен нето потрошен тип на овој данок, кој се применува во земјите членки на ОЦД и во сите други земји членки на ЕУ и во најголем број  други земји.

Второ, законот за данокот на додатна вредност ги содржи сите неопходни основни одредби во однос на предметот на оданочување даночниот обврзник, даночната основа,  даночните стапки,  даночното ослободување, даночниот кредит, пресметувањето, плаќањето и враќањето на данокот, регистрација на даночните обврзници и како административните обврски и казнените одредби.

Трето, законот на данокот на додатна вредност предвидува да одредбите на законот бидат подетално разјаснети со изработка на примена на подзаконски акти, односно правилник за примена на законот и слично.

Во делот на унапредените решенија во нацртот, сакам да го потенцирам следното. Покрај низата на мислења, кои во значителна мера се и прифатени и како готови решенија се вградени и сместени, содржани во нацртот на Законот за данок на додатна вредност, од аспект на стопанството, сакам да потенцирам две прашања.

Првото прашање е начинот на регулирањето на даночниот кредит, односно промената на одредбите во начинот на регулирање на даночниот кредит.

Второто прашање, тоа е прашањето кое се однесува на промените на одредбите на основните средства, односно промената во начинот на регулирањето на даночниот кредит за основните средства. Накусо речено и двете прашања претставуваат новина во нацрт законот во однос на предлогот за донесување на законот и претставуваат унапредување на даночниот систем.

Во однос на првото прашање, за стопанствениците, пред се нагласок давам, гледано пред се низ призмата на даночниот аспект, потребно е дека данокот да се врзе за реализацијата.  За стопанствениците важно да не се навлегува во купопродажните односи, меѓу самите стопански субјекти. Со промената на одредбите во начинот на регулирање на даночниот кредит ќе. се избегнат сериозните потешкотии при пресметката на данокот, ќе се избегне ризикот од двојното оданочување, ќе се воспостави правилна и точна евиденција на самите стопански субјекти,  како и олеснување и контрола во анализирањето на плаќањето помеѓу стопанските субјекти.  Со решенијата во предлогот за донесување на законот тоа не беше случај. Ваквото решение, односно системско одданочување, преку промените на одредбите во начинот на регулирање на даночниот кредит, прави една неутралност на данокот во однос на даночните субјекти, што е позитивно и за даночните обврзници.

Во однос на второто прашање, кое може да се каже дека е од системски карактер, е користењето на претходниот данок, односно даночниот кредит за набавка на основни средства. Во претходното решение само да потсетам. Претходниот данок можеше да се користи само како аконтација, што значи немаше враќање за набавка на основните средства, туку се сметаше како пертходен данок кој  е платен, и кој  ќе може да се одбива во наредните фази, односно во наредните пресметковни периоди. Ваквото решение ќе предизвикаше големи последици врз развојот на процесните инвестиции и функционирањето на даночниот систем во државата. Унапреденото решение во нацрт законот, правото на даночен кредит, односно каде што стопанските субјекти, парите платени за данок на основните средства, не можеа да ги повратат, како што и се предвидуваше со предлогот за донесување на законот, тогаш доплатата према државата ќе изостанеше, а данокот на основните средстдва ќе останеше како трошок на стопанските субјекти. Во услови пак на инфлација, таквото решение, особено за извозното стопанство, па и стопанството во целина, бидејќи средствата ќе се враќаа за 2, повеќе или никогаш години така да кажам, ќе беа предизвикани големи последици за голем број стопански субјекти и дејности.

Во нацртот на Законот за данок на додатна вредност содржано е решение што обезбедува еднаков третман на основните средства со останатите стоки, односно за да може данокот или да се пребие преку продажбата или едноставно да се поврати како претходен данок од страна на државата, што претставува значителен придонес во унапредувањето на даночниот систем. Можното влијание врз развојот на инвестициите го гледам во следното. Извозот на стоки и услуги е потполно ослободен од данокот на додатна вредност, при што е разработен механизам, кој обезбедува враќање на данокот од извшениот извоз. Но, и соодветната контрола во врска со остварувањето на ослободувањето. Концепциски гледано, решенијата се позитивни, а практичната димензија ќе биде доста сложена.

По однос на даночниот третман на инвестиционите добра, односно во инвестиционата област значајнат одредба за стопанството е што овозможува поволен третман на опремата наменета, пред се за производство и услуги според кои се постигнува и целосно враќање на платнио данок во рок од 1 месец, со што значително се придонесува за стимулирање на инвестиционите вложувања. Меѓутоа, покрај поволностите во овој дел тука се јавува еден суштински проблем, а тоа е проблемот на неликвидноста на стопанството и развиеноста на банкарскиот систем во државата. Имено, обврските за плаќање на данокот на додадената вредност со процент од 24%, колку што стои во нацртот на законот, веднаш по набавката на

опремата на наметнува потреба од дополнително ангажирање на сопствени средства, односно сопствени обртни средства на стопанските субјекти, што најчесто претставуваат и големи износи поради високата цена на опремата.

Проблемот на ликвидноста може кај стопанските субјекти да предизвика воздржаност од инвестдирање или пак временско одложување на решавање на проблемот, се додека не се обезбедат потребни даночни средства. За решавање на таквио проблем, односно поместувањето на овој проблем добро би било да се примени решение според кое набавувачот во ист момент кога ќе се задолжува да изврши раздолжување, без при тоа да ангажира квалитетни обртни средства.

Поагајќи од актукелноста и поширокото значење на Законот за данокот за додадени вредности, согледувањата што ги истакнав во интерес на Законот за данок на додатна вредност да добие и повисок степен на применливост и прифатливост, би требало во завршната фаза на Законот да се вградат следниве согледувања.

Прво, при увозот на суровини и репроматеријали на стопански субјекти треба да им се овозможи плаќањето на данокот на додадената вредност да биде одложено со обезбедени инструменти за начинот на плаќање, односно обезбедена гаранција.

Второ, на стопански субјекти кои не располагаат со доволен обем на ликвидни средства во моментот на увозот на основните средства заради измирување на даночните обврски кои ќе бидат производ на законот, треба да им се овозможи користење на кредит со камата по поповолни услови од постојните.

Трето, респектирајќи го начелото за поголема неутралност во оданочувањето и определбите на макроекономската политика за отпочнување на развојни процеси во државата, односно земјата и поттикнување на стопанската активноот кај стопанските субјекти добро би било општата даночна стапка да не е поголема од 18%, односно да е во границите меѓу 16 и 18%.

Четврто, начинот на регулирањето на даночниот кредит, односно променетите одредби во начинот на регулирањето на даночен кредит кој по дефиниција можеби треба да го промени називот, како и промените во начинот на регулирањето на даночниот кредит за основните средства, треба како осовен концепт да се задржат, а решенијата да се унапредат.

Петто, во интерес на создавање на целовити и издржани решенија во завршната фаза на законот, односно третото читање, популарно речено добро би било предлагачот да ги земе во предвид мислењата и укажувањата на претставниците на стопанските субјекти и обврзниците на данокот, а воедно и да изврши поголем опфат на практични симулации по субјекти и стопанска дејност.

И една завршна напомена, да го поддржам и размислувањето на заменикот на министерот за финансии, кои практично ги отворил процесите или преку комисии и советувања за унапредување и изградување на понапредни решенија дури и од втората фаза на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани преставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Очигледно дека имаме пред нас еден сериозен предизвик и мислам дека повеќето ке се согласиме дали овој состав на парламентот треба да влегува во авантура и да го донесе овој закон, од кои што прво најголема штета ќе имаме сите ние како пратеници, затоа што ке треба да се изјасниме по овој закон. Тоа е јасна работа. Ако сакаме самите да си ја сечеме гранката на која што седиме овој  закон да го донесеме за 30 дена, затоа што објективно нема време законот да го донесеме во некој друг тајминг. Објективно мислам дека новата Влада треба да си го донесе овој закон и да го спроведува со новиот парламентарен состав од следните причини:

Ако можеше Европската Унија и меѓународните финансиски институции да не телерираат до оваа фаза на недонесување на еден закон, кој што треба да биде компактабилен со Европските закони, затоа што евидентно е дека Австралија и сад имаат друг начин на оданочување. Нашата определба да бидеме дел од Европа нормално дека не смее да не одвлечува од тоа што значи да се исполнуваат одредени норми, критериуми и стандарди за да може успешно да се вклопуваме во Европската заедница и во се она што значи комуникации со неа. Меѓутоа, ние да донесеме закон за 30 дена максимум, во негова последна фаза без доволни подготовки, иако овие денови интензивно ке бидат реализирани семинари, советувања, со присуство на видни личности кои што ја познаваат оваа материја прашање е дали ние ке успееме во едно финале на изборен циклус, на изборна година да создадеме една клима за една ваква коренита промена да биде прифатлива, да биде адаптабилна. И во краен случај да даде одредени ефекти. Основно што треба да има сега кај сите е следното:

И медиумите и печатот и сите ние велиме ова е закон на иднината во сите признаваат дека со усвојувањето на овој закон мора да дојде до поскапување на цените на артиклите. Значи да дојде до нарушување на животниот стандард и уште велиме дека и онака кревкото стопанство ќе мора да изнајде снаги за да се премости овој период од најмалку четири до шест месеци, за да се издржи првиот удар кога трба да се издвојат квалитетни финансиски средства, да се плати се на државата, за да потоа може релаксирано и избилансирано да се продолжи со производствениот циклус.

Добро е што Стопанската комора овој пат реагира, може би не првовремено, но реагира со егзатни податоци, со бројки од видни стопански субјекти кои што ни се приложени, каде што практично се во основа руши концептот дека во основа треба да имаме подобар даночен систем. Ако сите субјекти констатираа дека треба да бидат оштетени, кој по основ на големината на данокот, зголемен данок, кај текстилот во просек од 10 на 24%, кај основните средства од 5 на 24%, кај  прехранбените производи од 0 на 5%, а кај неои додатоци, адитиви итн., дури и на вкупната цифра од 24%, тогаш која е целта на едно вакво брзање и донесување на овој закон во услови на една неподготвеност, оние кои што треба да го прифатат овој даночен систем треба и да го реализираат.

Во основа мислам дека добро е да се продолжи со овој интензитет на активности. Да се продолжи со создавање на една клима на запознавање на сите субјекти, и мали и средни и големи, дека овој даночен систем ќе мора да заживее и тука, но треба да се адаптираме на она што тој ќе го донесе. Во сето тоа не случајно, веројатно се изостава дека информациските системи во сите субјекти мора да бидат компатабилни со централниот информациски систем, а тоа е државата, тоа е министерството за финансии, затоа што данокот на додадена вредност е сложена операција. Незнам колку успеавте сите да навлезете во неговата суштина, тој  е фазен данок. Секое зголемување на вредноста на било што, било да е материјална вредност, било да е

услуга, било да е подобрување, значи додатно оптоварувања само за онаа вредност која што ја зголемила претходната вредност, со кое што стоката е влезена во фаза на репроматеријал, полуфабрикат, полусуровина, или близу до финалниот производ.

Нови поими (даночен кредит) јас дискутирав и на Комисијата за стопанство, кој кого кредитира. Дали тој што треба да даде, да депонира средства за да увезе репроматеријал, кој што потоа ќе го извезе во форма на финален производ да му бидат повратени и сега тој однапред дава средства, а ние велилме дека ние го кредитираме како држава. Кој е тој даночен кредит. Не е тоа даночен кредит, туку точно тие субјекти ја кредитираат државата и тоа имплицитно земено со многу високи камати ако не се исплатат давачките. На годишно ниво 100%. Знаеме и сите заложби и особено овие денови секаде се залагаме за намалување на каматите. Државата ги зголемува каматите, а бара од комерцијалните банки да се намалат каматите како стимул на заживување на стопанството. Работи кои што се во коализија, кои што не одат. Податокот дека, само Отекс ќе го земам, да не бидат пристрасен спрема Тетекс, бидејќи најчесто го споменувам вели дека со овој закон, со исти параметри производствени во 1998 година, во однос на 1997 година ќе оствари негативен финансиски резултат од околу 20 милиони германски марки со овој Закон за данок на додадна вредност.

Кои се сега нашите глобални заложби, дека ние поттикнуваме производство, дека ние го олеснуваме производството, дека ние го поддржуваме производството и неговиот развој. Зошто основните средства да се одданочуваат со 24%, кога сега тоа е данок од 5% насто. Зошто во репрограми, каде што обртот на капитал е еден до максимум 1,5, како што е текстилот, каде што голем број на суровини се берзански производи кои што се набавуваат двапати годишно, а потоа нивната реализација во извозот трае уште неколку месеци така да често пати во финални производи потребни се цели 12 месеци. Вие сега практично увозните компоненти ги одданочувате, го плаќате тој данок за да повратите средства после цела една година. Кој може да ги издржи овие камати и овој товар? Зошто да не се направат одредени, јас би рекол, осовременувања на она што значи практика секаде во светот. Дали ние ќе градиме стопанство така што ќе одиме со чамци со пари, или ќе градиме модерно стопанство каде што ќе имаме доверие во институциите на системот, а тоа се банкарските институции. Зошто да се плаќа царина на суровини предвидени за извоз, а да не се воведе банкарска гаранција. Гаранција од банка, банките што ќе ги одреди Министерството за финансии и таа гаранција ќе си стои точно, затоа што овде се работи да треба да се плати за да потоа средствата се повратат. Значи, се бара некој да го гарантира враќањето ако евентуално не се реализира извозот. Тогаш, гаранцијата е најсоодветен инструмент за плаќање. Банкова гаранција и должничко доверителни односи.

Или, еве г-до од Министерството уште еден предлог на едно малку поинакво размислување. Државата им должи на многу стопански субјекти по однос на извршени услуги (градежништво, прехранбена индустрија). Зошто овие стопански субјекти да уплаќаат готовински на државата, а да не се врши компензирање на обврските на државата кон овие субјкекти. Зошто не се врши компензирање на овие обврски? На неколку пати поставуваме пратенички прашања колку е долгот на државата кон градежништво и кон други субјекти. Зошто да не влезат во игра овие нормални должничко - доверителни односи. Зошто државата да го има монополот на одлучување и да го има она волшебно стапче. На државата секој мора да и плати во готово, а државата ке плаќа како сака и на кого сака и кога сака. Никој не смее да се побуни, ниту смее да реагира, затоа што тука ќе биде затворен вентилот, што значи набавки, јавни набавки или се она друго што значи соработка со државата. Се знае дека оној кој што лиферува за државата е оној кој што има преднсот.

Ова се неколку согледувања што треба еминентните стручњаци на овие советувања што следат да бидат разгледани, да бидат земени во предвид и она најважното. Зошто се оди со една ваква висока стапка,највисока после Данска која што има 25%, а не се оди со една реална стапка од16%, која што за наши услови треба да биде реална, ако сакаме да поддржиме една општо прифатена, не само декларативно, стратегија да одиме со پониски даноци а сите да ги плаќаат. Мислам дека треба да се размисли зрело за овој предлог.

Беше споменато, но беше споменат само еден пример, не беа проблемите само во Хрватска, проблеми при воведувањето на овој данок и тоа многу големи, на работ на социјални немири, имаше во Словенија, имаше во Украина, во Белорусија и во други држави. Не би сакале да имаме слично нешто кај нас, особено ако донесувањето на овој закон и подготовката за негова реализација се совпадне со есенските избори, со есента како годишно време метереолошки земено кога оптова-рувањата на граѓаните се најголеми (почеток на учебна година, огрев, обувки) и се она што значи подготовка за една зима, која што е карактеристична за нашите подрачја.

Сметам дека Министерството за финансии и Владата треба да продолжат со оваа динамика, но сепак донесувањето на законот во конечна фаза да го препуштиме на колегите пратеници кои што ќе дојдат после нас, веројатно ќе има и некој од нас, и на новата Влада за да една вака крупна и коренита промена на даночниот систем навистина профункционира ефикасно од првиот ден. Не би сакал да Ве заморувам со тоа што ќе се случува во сите сегменти.

Прво, имаме тука нотирано дека малите фирми, малите даночни обврзници ќе ги ослободиме, сепак тоа е малку релативен поим, затоа што зависно од регистрацијата различни се и тие номинални вредности.

Понатаму, колкава е битката да се добие еден поволен странски кредит за обнова на машински парк, парк за осовременување на технологија. Колкава битка треба да се води да се добијат 4 милиони германски маркид Сега замислете, на овие 4 милиони германски марки при данок на основни средства од 24% фирмата треба да обезбеди еден милион германски марки за да плати царина веднаш при приемот на оваа стока. Кое е тоа оптоварување кога се знае со какви напори се добиваат овие средства и тоа со многу поволни услуги и рокови на враќање. Наместо ние да се приклучиме кон тие поволности што ги добиваме, што ги баравме, за кои што зборувавме тука, само пред десетина дена за добивање на странски кредит ние со овој закон практично како компетентни фактори, тоа сме ние, ние треба да дигнеме два прста, заедно со предлагачот, правиме спротивни негативни ефекти.

Мојот заклучок би бил следниот: добро е што законот го имаме во втора фаза, бидејќи само на овој начин ќе можеме да навлеземе во суптилноста и во се она што предвидува овој закон. На законот да се продолжи да се работи со симулација во карактеристични стопански субјекти, и поголеми и помали, од различни дејности и сепак финалето овој закон да го дочека во едно друго време и мислам дека ако задоцните неколку години и Европа и сите имаат разбирање, ако неговата реализација отпочне со едногодишно задоцнување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, навистина многу некоректно од сите нас пратениците што за ваква една материја расправаме 15 -16 души внатре во овој највисок законодавен дом и што уште на почетокот во излагањето на општите насоки по овој закон не бевме внимателни и простете незнам колку ја познаваме матаријата. Читајќи го овој закон, се вратив назад некаде во 1964, 1965 година, тогаш кога во тие простори на поранешна Југославија се предлагаа мерките на стопанската реформа. Еден кој што стоеше на чело на таа група беше г-динот Киро Глигоров. Таа стопанска реформа живееше пет - шест месеци и после тоа беше веднаш тргната на страна. Ова сега ме враќа на тоа.

Треба да се биде компатибилен на Запад. Дали сме ние компатибилни во основата? Ние не сме. Споредувајќи со една работна организација од каде што јас јадев леб толку години и колку можев ја развивав, дадов свој голем придонес. Можеби ме слушаат сега, ако не е така нека кажат. Ова може да биде во таа работна организација во која ќе се вратам назад или ќе оста-нам овде, не е важно, само под услов ако во однос на 1989 година, инвестиционата активност годишно одеше напред за 30%, ако имаме зголемено производство и пласман просечно годишно во однос на 1989 година за 29%, ако продуктивноста на трудот по работник беше зголемена за 21% и ако куповната моќ во однос1989 година беше зголемена за 18%. Внатре во сите овие параметри да се содржи и законот за данок на додадена вредност. Ние сме многу далеку од тоа да можеме ова да го спроведеме. Морам да речам тешко си на сите граѓани на РМ. Мислам дека ова треба да почека.

Треба да почека заради тоа што веројатно ќе дојдеме до една поголема стабилност и поголем квалитет на сите финансиски и други институции во Европа и светот, институциите ќе имаат поголема доверба во оваа земја, кога ќе бидеме посигурни, постабилни, ќе добиваме средства за еден многу подинамичен развој на капацитетите. Дури тогаш со современи основни средства ќе дојдеме до многу поголемо производство, а за тоа време имаме да најдеме пласман и ќе имаме пласман, ако е квалитетен. Се знае, квалитетот и цената на чинењето штом е помала, таа проаѓа на пазар и дури тогаш можеме да се мериме и да речеме дека сме компатибилни. Абре имаме 200 и кусур илјади невработени, имаме социјална помош за 4 илјади и повеќе семејства, луѓе гладни спијат. Ете, бевме на гости во Кина, за 8 години Шангај толку голем развој, има што неможе да се замисли. Каде сме ние? Тие се многу далеку. Добро, тука е сосема друга политика, да не се шират азијатите во развиените земји, да речеме Австралија, Америка итн. Ние сме мала држава, меѓутоа и ние можеме да се развиваме. Само со една голема прогресија во развојот, дури тогаш ќе бидеме компатибилни за да можеме ете да се мериме со Европската унија и овој закон за додадена вредност да можеме да го спроведеме онака како што секаде се прави.

Секаде, да меѓутоа, ајде да појдеме таму па да видиме колкаво е производството по човек, каква е компјутеризацијата. Ние немаме место каде да работат луѓето, иако некој овде вели, па и надвор од други партии ќе ги отворам фабриките, ќе имаме производство. Каква е тоа лага? Може да се отворат фабриките, но што ќе произведуваат, каде ќе го пласираат тоа скапо производство? Тоа не е современа машина, па заради тоа нека разберат сите, ние сме тоа и тоа е вистината. Република Македонија е тоа, тоа е Балканот, тоа е она што некој вели дека сме ние црна дамка во регионот, односно во Европа. За да биде ова вака треба сите развиени наши пријатели, добри пријатели да ни помогнат за да може ние да ги користиме онаму каде ќе дадат многу поголема вредност, оплодување на капиталот. И вработување. Овој степен на невработеност и законот што се предлага, дури ми е срам да речам нешто што тука во потиљакот си го кријам.

Ми е срам што јас денес зборувам за ова прашање, а внатре сме 10, 20, 30 души. Ова е Собрание, овде се носат закони, овде е судбината на најмалиот и најголемиот човек во државата. Како може за овој закон да расправаме толку луѓе?

Затоа се откажувам од натамошна дискусија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитуван заменик министер, вклучувајќи се во расправата по Нацрт законот за додадена вредност, ќе настојувам да бидам краток и да изнесам некои мои видувања во однос на предложениот Нацрт закон, се со цел законот да биде подобар и поприменлив. Доста се расправа за тоа дека воведуваме данок на додадена вредност.

Јас мислам дека пред јавноста треба да кажеме некои работи, а тоа е дека данок на промет, не со овој термин,ние имаме и денес, сме имале и порано, па дури да кажам и тоа дека во Данска, кога станува збор за тој данок на промет се кажа дека е 25%, мегутоа таму беше дури поделен. Она за што јас се залагам тој да биде поделен, па да може локалната самоуправа да заживее подобро. Меѓутоа, знам дека во сегашниов момент тоа не е можно. Сакам да кажам дека данок имаме. Но го викаме данок на промет и акцизи, не го викаме данок на додадена вредност. Не би сакал да се добие впечаток дека станува збор за сосема нова работа, ново оданочување на производите и услугите, а кога фактички станува збор само за одредени измени.

Исто така, според Нацртот е предвиден и нов начин на пресметување. Мислам дека тие начини на пресметување не случајно е дадено овој закон да оди во три фази, заправо заради таа можност да може тој да се допрецизира и да биде како што кажав на почетокот полесно применлив.

Во однос на дилемата дали да има една стапка, како што се предлага во нацртот или она што се предлага од страна на поголемиот број стопанственици и кога станува збор за тоа, да кажам дека ги читав со внимание предлозите на Стопанската комора и на другите субјекти кои дадоа свои забелешки.

Лично мислам дека данокот за додадена вредност треба да има две стапки, со тоа што одреден број на производи да бидат исклучени. Во прв ред тука е храната, да не се наплатува значи за храната и стапките, доколку има можност, највисоката стапка би било добро да биде под 24%, како што е предложено од страна на Владата, а втората стапка според мене да биде 5%. Кога станува збор за одредени производи односно групи на производи кои би требало да бидат вклучени со која стапка, јас мислам дека енергентите во таа смисла по правило би требало да бидат по најниската стапка, а сето тоа со цел да можеме да ги задржиме состојбите кои ги имаме во однос на инфлацијата. Евентуалното воведување на енергентите во стапка од 24%, кажано е од страна на претпријатијата кои направиле симулација и од некои други претпријатија, како што се на пример текстилците, кои мораме да признаеме дека главно живеат врз основа на тоа што

извезуваат услуги а не производи, бидејќи произуводите главно ги увезуваат и од тој аспект мислам дека и текстилната индустрија треба да биде задржана во помалата стапка од 5%.

Кога станува збор за одредени ослободувања мислам дека и онаа забелешка односно ангажирање на Стопанската комора, кога станува збор за задржувањето на правото на даночен кредит кај становите, мислам дека тоа право треба со закон да им го овозможиме. Зотшо ова го велам? Го велам од причина што состојбите во станбената изградба ни се такви. Прво, куповната моќ на граѓаните е паднатa, потреба има, а второ исто така, поради тоа што имаме недоволно инвестиции во градежништвото односно во сите други гранки, исто така и градежната оператива не ни работи. Од тој аспект, мислам дека добро би било таа работа да се даде во предлог законот.

Исто така, би било добро поради правилно конципирање на законот да не постои повеќе зборот акциза, значи сите производи да бидат вклучени во еден закон кој е данок на додадена вредност, а не акциза. Од анализите направени во претпријатијата од симулациите произлегува дека некои претпријатија ќе бидат оптоварени. Поаѓајќи од искуството што го имам, морам да признаам дека секоја нова работа што се воведува има своја цена. Во случајов, ќе има одредени тешкотии, особено во однос на прашањето што треба тој данок да се плати, данокот на додадената вредност треба да се плати однапред, односно да се искористи таа бенефиција при извозот во враќањето. Меѓутоа, мора да признаеме дека секоја нова работа има и своа цена, па во случајот и со овој данок дека ние ќе платиме одредена цена. А не би ја платиле таа цена ако немаме добри намери. А добрата намера што мора да се плати е тоа што ние сакаме да бидеме членка на Европската унија и во тој случај мора да ја платиме таа цена.

Затоа предложив и одредени категории односно стапки, затоа пак таа цена би била помала кога така би постапиле.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам прет-ресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на РМ го усвојува Нацртот на закон за данок на додадена вредност.
2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.
3. Овој Заклучок, заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на Собранието на РМ да се достави до Валдата на РМ и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (по пребројувањата).

Очигледно немаме кворум.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Ни фалат девет - десет пратеници.

(Во меѓувреме на претседавачкото место се врати претседателот Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

После ова остана уште една точка, Законот на г-динот Маличи.

Да не се состануваме утре, цел ден ќе изгубиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас Ви предлагам да причекаме малку практично да гласаме за овој заклучок и законот на г-динот Маљичи.

Немаме други точки, па да завршиме со оваа седница и идната недела да почнеме со новата седница.

Имаме кворум.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (1).

Дали има воздржан? (Нема).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на Петнаесеттата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за одбрана.

Предлогот за донесување на законот и мислењето на Валдата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучува претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за одбрана.
2. Предлагачот пратеникот Назми Маљичи ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењето и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.
3. Овој заклучок заедно со извештаите на работнтие тела да се достави до пратеникот Назми Маљичи, Владата на Република Македонија и Министерството за одбрана.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (8).

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Не можеме да ја завршиме седницата, затоа што ни останаа уште две точки за кои немавме можност да гласаме, тоа е за уставниот амандман и Законот за парнична постапка.

Продолжуваме на 24 јуни среда во 10,00 часот.

Ве молам порано да почнеме за да завршиме побрзо.

(Седницата заврши во 16,25 часот).